Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВИЈАТА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за трговијата,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 ноември 2006 година.

Бр. 07-4433/1
29 ноември 2006 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Љубиша Георгиевски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВИЈАТА

Член 1

Во Законот за трговијата (“Службен весник на Република Македонија” број 16/2004), во членот 14 пред ставот 1 се додава нов став 1, кој гласи:

“Трговецот кој организира зелен пазар на кој се врши трговија на големо и мало е должен да обезбеди фискален систем на опрема за регистрирање на готовинските плаќања за корисниците на продажните места кои се должни да го користат од моментот на пуштање на продажното место во работа, согласно со закон.”

Во ставот 1 кој станува став 2, на крајот, по зборот “дејност” точката се брише и се додаваат зборовите: “и кои имаат обезбедено фискален систем на опрема за регистрирање на готовинските плаќања, освен ако со закон поинаку не е уредено”.

Ставовите 2 и 3 стануваат ставови 3 и 4.

Член 2

Во членот 25 ставот 4 се брише.

Член 3

Во членот 26 ставот 2 се менува и гласи:

“Трговецот е должен часот на почетокот и часот на завршувањето на работното време, времето за пауза и распоредот на работното време да го пријави на општината, односно на Градот Скопје и на Државниот инспекторат за труд, Управата за јавни приходи, Државниот пазарен инспекторат и Државниот санитарен и здравствен инспекторат најмалку 15 дена пред почетокот на работењето, односно пред измената на часот на почетокот и часот на завршувањето на работното време, времето за пауза и распоредот на работното време на продавниците, магацините, складовите, бензинските станици и деловните простори.”

Во ставот 4 по зборовите: “Државниот инспекторат за труд” се става запирка и се

додаваат зборовите: “Управата за јавни приходи, Државниот пазарен инспекторат и Државниот санитарен и здравствен инспекторат”.

Во ставот 5 по зборот “часот” се додаваат зборовите: “на почетокот и часот на завршувањето на работното време, времето за пауза”.

Член 4

Во членот 49 став 1 по зборовите: “решение за” се додава зборот “привремена” .

Во ставот 2 по зборовите: “решение за” се додава зборот “привремена”, а зборовите: “90 дена” се заменуваат со зборовите: “15 дена за трговецот физичко лице или од 30 дена за трговецот правно лице”.

Ставот 3 се брише.

Во ставот 4 кој станува став 3 броевите: “1, 2 и 3” се заменуваат со броевите: “1 и 2”.

Во ставот 5 кој станува став 4 броевите: “1, 2 и 3” се заменуваат со броевите: “1 и 2”.

Член 5

Во членот 50 став 1 по точката 5 се додава нова точка 6, која гласи:

“6) кој организира зелен пазар на кој се врши трговија на големо и мало не обезбеди фискален систем на опрема за регистрирање на готовинските плаќања за корисниците на продажните места кои се должни да го користат од моментот на пуштање на продажното место во работа, согласно со закон (член 14 став 1);”.

Точката 6 која станува точка 7 се менува и гласи:

“7) кој организира пазар ги издава продажните места на лица кои не се регистрирани во соодветниот регистар, односно не се евидентирани согласно со закон и кои немаат обезбедено фискален систем на опрема за регистрирање на готовинските плаќања, освен ако поинаку не е уредено со закон (член 14 став 2);”.

Точките 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14 и 15 стануваат точки 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15 и 16.

Точката 16 се брише.

Во ставот 1 по зборовите: “решение за” се додава зборот “привремена”.

Во ставот 2 по зборовите: “решение за” се додава зборот “привремена”, а зборовите: “90 дена” се заменуваат со зборовите: “15 дена за трговецот физичко лице или од 30 дена за трговецот правно лице”.

Во ставот 3 броевите: “18 и 19” стануваат броеви: “17 и 18”.

Член 6

Во членот 51 став 1 по зборовите: “решение за” се додава зборот “привремена”.

Во ставот 2 по зборовите: “решение за” се додава зборот “привремена”, а зборовите: “90 дена” се заменуваат со зборовите: “15 дена за трговецот физичко лице или од 30 дена за трговецот правно лице”.

Член 7

Во членот 52 став 2 по зборовите: “решение за” се додава зборот “привремена”, а зборовите: “90 дена” се заменуваат со зборовите: “15 дена за трговецот физичко лице или од 30 дена за трговецот правно лице”.

Ставот 3 се брише.

Ставовите 4 и 5 стануваат ставови 3 и 4.

Член 8

Во членот 54 став 2 по зборовите: “решение за” се додава зборот “привремена”, а зборовите: “90 дена” се заменуваат со зборовите: “15 дена за трговецот физичко лице или од 30 дена за трговецот правно лице”.

Член 9

Насловот на Главата VII “КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ” се менува и гласи: "VII. ПРЕКРШОЧНИ САНКЦИИ”.

Член 10

По членот 54 се додава нов член 54-а, кој гласи:

“Член 54-а

Прекршочни органи за водење на прекршочна постапка согласно овој закон се Државниот пазарен инспекторат и Државниот инспекторат за труд.

Постапката пред Државниот пазарен инспекторат за одлучување по прекршок ја води тричлена комисија од службени лица овластени од министерот за економија.

Постапката пред Државниот инспекторат за труд за одлучување по прекршок ја води тричлена комисија од службени лица овластени од министерот за труд и социјална политика.

Комисијата од ставовите 2 и 3 на овој член донесува одлука за прекршоците од овој закон и за изрекување на прекршочни санкции.”

Член 11

Во членот 55 став 1 воведната реченица се менува и гласи:

“Глоба во износ од 3.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако:”.

Ставот 2 се менува и гласи:

“За дејствијата од ставот 1 на овој член, покрај глобата на правното лице ќе му се изрече и санкција привремена забрана за вршење на дејност - трговија во траење од една до три години.”

Во ставот 3 зборовите: “ќе се изрече казна за прекршок од 20.000 до 50.000 денари” се заменуваат со зборовите: “ќе се изрече глоба за прекршок од 350 до 1.000 евра во денарска противвредност”.

Во ставот 4 зборовите: “мерка на безбедност одземање на привремено одземените предмети - стоки” се заменуваат со зборовите: “посебна прекршочна мерка одземање на предмети”.

Ставот 5 се менува и гласи:

“За дејствијата од ставот 1 на овој член покрај глобата на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече прекршочна санкција забрана на вршење професија, дејност или должност во траење од една до пет години.”

Член 12

Во членот 56 став 1 воведната реченица се менува и гласи:

“Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако:”.

Пред точката 4 се додава нова точка 4, која гласи:

“4) не обезбеди фискален систем на опрема за регистрирање на готовинските плаќања за корисниците на продажните места кои се должни да го користат од моментот на пуштање на продажното место во работа, согласно со закон (член 14 став 1);”.

Во точката 4 која станува точка 5, на крајот, по зборот “закон” се додаваат зборовите: “и кои немаат обезбедено фискален систем на опрема за регистрирање на готовинските плаќања, освен ако поинаку не е уредено со закон”.

Точките 5, 6, 7, 8, 9, 10 и 11 стануваат точки 6, 7, 8, 9, 10, 11 и 12.

Точката 12 која станува точка 13 се менува и гласи:

“не го пријави часот на почетокот и часот на завршувањето на работното време, времето

за пауза и распоредот на работното време на општината, односно на градот Скопје, како и на Државниот инспекторат за труд, Управата за јавни приходи, Државниот пазарен инспекторат и Државниот санитарен и здравствен инспекторат најмалку 15 дена пред почетокот на работењето, односно пред измената на часот на почетокот и часот на завршувањето на работното време, времето за пауза и распоредот на работното време на продавниците, магацините, складовите, бензинските станици и деловните простори (член 26 став 2);".

Ставот 2 се менува и гласи:

"За дејствијата од ставот 1 на овој член, покрај глобата на правното лице ќе му се изрече и санкција привремена забрана за вршење на дејност - трговија во траење од една до три години."

Во ставот 3 зборовите: "ќе се изрече казна за прекршок од 20.000 до 50.000 денари" се заменуваат со зборовите: "ќе се изрече глоба за прекршок од 350 до 1.000 евра во денарска противвредност".

Во ставот 4 зборовите: "мерка на безбедност одземање на привремено одземените предмети - стоки" се заменуваат со зборовите: "посебна прекршочна мерка одземање на предмети".

Ставот 5 се менува и гласи:

"За дејствијата од ставот 1 на овој член покрај глобата на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече прекршочна санкција забрана на вршење професија, дејност или должност во траење од една до пет години."

Член 13

Во членот 57 став 1 воведната реченица се менува и гласи:

"Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако:".

Точката 10 се брише , а точките 11 и 12 стануваат точки 10 и 11.

Во ставот 2 зборовите: "мерка на безбедност одземање на привремено одземените предмети - стоки" се заменуваат со зборовите: "посебна прекршочна мерка одземање на предмети".

Во ставот 3 зборовите: "ќе се казни за прекршок од 10.000 до 50.000 денари" се заменуваат со зборовите: "ќе се изрече глоба за прекршок од 600 до 1.000 евра во денарска противвредност".

Ставот 4 се менува и гласи:

"За дејствијата од ставот 1 на овој член државниот пазарен инспектор може да изрече глоба на самото место од 600 евра за правното лице, а за одговорното лице во правното лице од 200 евра во денарска противвредност."

По ставот 4 се додава нов став 5, кој гласи:

"За дејствијата од ставот 1 на овој член покрај глобата на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече прекршочна санкција забрана на вршење професија, дејност или должност во траење од една до пет години."

Член 14

Во членот 58 ставот 1 се менува и гласи:

"Глоба од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице кое врши трговија за дејствијата од членовите 55 став 1, 56 став 1 и 57 став 1 на овој закон."

Во ставот 2 зборовите: "мерка на безбедност одземање на привремено одземените предмети - стоки" се заменуваат со зборовите: "посебна прекршочна мерка одземање на предмети".

Во ставот 3 зборовите: "може да наплати парична казна на лице место од 5.000

денари” се заменуваат со зборовите: “може да изрече глоба на самото место од 100 евра во денарска противвредност”.

Член 15

Членот 59 се брише.

Член 16

Трговецот е должен, часот на почетокот и часот на завршувањето на работното време, времето за пауза и распоредот на работното време да го пријави на општината, односно на градот Скопје како и на Државниот инспекторат за труд, Управата за јавни приходи, Државниот пазарен инспекторат и Државниот санитарен и здравствен инспекторат, во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 17

Одредбите од членот 1 на овој закон ќе се применуваат од 1 јули 2007 година, а одредбите од членот 10 на овој закон ќе се применува од 27 мај 2007 година.

Член 18

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.